Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 22.10.2023

На 21.10.2023 во 19.45 часот во Битола полициски службеници од Криминалистичка полиција при СВР Битола го лишиле од слобода А.Ј.(34) од Битола. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени: ловна пушка „застава" кал.12, дрвен кундак од пушка, куршуми, бела грутчеста материја, бела прашкаста материја, нож со остатоци од бела прашкаста материја, дробилка со остатоци од марихуана и други предмети. А.Ј. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.10.2023 подрачјето на Кавадарци од страна на полициски службеници од ОВР Кавадарци и Оддел за криминалистичка полиција - Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи во координација и содејство со инспектори од Управата за јавни приходи, Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за труд извршена е контрола во повеќе угостителски објекти. При контролата констатирани се неправилности во локалите за што се изречени соодветни глоби, и тоа за неиздавање фискални сметки, за непоседување на книги за дневни финансиски извештаи, за неприкажување промет од македонски производи и неевидентирани парични средства и за непочитување на одредбите од Законот за заштита од пушењето. Исто така, од страна на полициските службеници при контрола во еден угостителски објект пронајдени се остатоци од прашкаста материја, а при преглед кај едно лице пронајдено е и одземено пакување со кокаин и против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.10.2023 во 23.40 часот во с.Кнежино, кичевско, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода С.П.И.(50) од Скопје. Имено, при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пиштол „Застава", пиштол „Екол" со рамка и додаток за испукување, рамка за пиштол со куршуми, маневарски и сигнални куршуми. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.10.2023 во 23.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.С.(44) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.10.2023 во 15.10 часот на Граничниот премин Ќафасан, на влез во државата, од полициски службеници бил лишен од слобода Б.Ц.(50) од Р.Албанија. При извршени проверки било констатирано дека за него во службената евиденција е изречена мерка „апси", по барање на Интерпол-Грција. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (21.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 140 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 42 санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за управување под дејство на алкохол. Изречени се три санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, четири мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), две мерки за користење мобилен телефон при возење...

Вчеравечер и ноќеска (21/22 октомври) од 22.00 до 03.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е уште една од континуираните акциски контроли на возачите - дали и колку од нив ги управуваат возилата под дејство на алкохол, а во која биле откриени и санкционирани вкупно 14 прекршоци (ТЕ-8 и ГБ-6). Кај најголемиот број од возачите-прекршители (11) биле измерени до 1 и пол промили алкохол во организмот. Тие веднаш се исклучени од сообраќај и изготвени им се соодветни поднесоци со парични глоби, кои за овој вид сообраќаен вид прекршок се движат од 225 до 375 евра во денарска противвредност. Покрај тоа, времено ќе им бидат одземени и возачките дозволи од три месеци до една година.

На 21.10.2023 во 13.35 часот било пријавено дека во Битола на крстосница од ул.„Партизанска" и ул. „Север - југ", Г.М.(53) од Битола, управувајќи мопед „ркс" со битолски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во несреќата возачот на мопедот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 21.10.2023 во 21.20 часот во СВР Велес, С.П.(19) од Велес пријавил дека на ул.„Благој Ѓорев" бил каснат од куче скитник.

Денеска (22.10.2023) во Битола, полициски службеници од Криминалистичката полиција и Полициската станица од општа надлежност при СВР Битола ги лишиле од слобода Е.А.(31) и Ѓ.В.(30) од Битола. Тие се сомничат дека извршиле „тешка кражба" во земјоделски комбинат во Битола, при што одзеле повеќе предмети, а извршиле и оштетување на дел од објектот. Двајцата биле приведени во полициска станица и во службен разговор го признале делото. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот, против истите ќе биде поднесена кривична пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против З.М.(60) од Пехчево, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" и „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 15.08.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во Пехчево, при што пронашле и одзеле повеќе парчиња пиротехнички средства, марихуана, две саксии со растението канабис и повеќе исушени гранки од растението канабис.

Ноќеска (22.10.2023) во 01.20 часот од страна на полициски службеници од СВР Тетово, во угостителски објект во Тетово, сопственост на Е.Х.(21) од Тетово, биле затекнати 10 малолетници после полноќ, спротивно на законски дозволеното време. На сопственикот му бил изготвен соодветен поднесок, а малолетниците биле предадени на нивните родители.

Денеска (22.10.2023) во 00.30 часот во СВР Скопје С.В.Ф.(42) од Канада пријавил дека на 21.10.2023 околу 22.15 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од А.Е.(24) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (22.10.2023) во 01.30 часот во угостителски објект во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово била приведена Џ.Б.С.(21) од Р.Бугарија, поради непријавен престој во Република Северна Македонија. Таа била задржана во полициска станица за понатамошна постапка.

На 21.10.2023 во 15.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу З.А.(33) и С.С.(39), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.10.2023 во 20.00 часот во Спортско рекреативниот центар „Кале", полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, поради тоа што за време на одржување на кошаркарски натпревар агресивно се однесувал кон полициските службеници, а потоа физички нападнал еден од нив додека извршувал службени дејствија. Исто така, за време на кошаркарскиот натпревар биле приведени и С.С.(37), М.Д.(34), Л.Л.(21), Л.Г.(19) и А.К.(21), сите од Скопје, поради непочитување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. По целосно документирање на случајот против сите ќе следува соодветен поднесок.

На 21.10.2023 во 21.00 часот во тетовско полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Ц.Б.(46), поради тоа што физички ја нападнал неговата 47-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (22.10.2023) во 01.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Карпош, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу З.Ј.(40) и М.М.(36), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.10.2023 во 17.00 часот Н.А.(65) од Тетово пријавил дека околу 15.00 часот во Тетово бил физички нападнат од неговиот роднина М.А.(50). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.10.2023 во 01.30 часот во с.Просениково, струмичко, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода И.М.(40) од истото село, поради тоа што физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.10.2023 во 13.00 часот било пријавено дека на место викано „Градиште", атар на село Бусилци, општина Чашка, настанал пожар во кој биле опожарени сува трева и нискостебласта шума. Од Територијалната противпожарна служба Велес пожарот бил изгаснат, а полициски службеници излегле на лице место. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Велес и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.10.2023 во 15.10 часот во СВР Скопје 45-годишна жена пријавила дека во домот на подрачјето на Аеродром била физички нападната од нејзиниот сопруг С.П.И.(50) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.10.2023 во 10.00 часот Е.П.(34) од с.Десово пријавил дека на 20.10.2023 околу 23.00 часот во населбата „Тризла" во Прилеп, по претходна сообраќајна незгода, бил физички нападнат од Љ.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.10.2023 во 18.20 часот Б.С.(52) од с.Лажани пријавил дека во истото село, по претходна расправија, бил физички нападнат од неговиот сосед М.П.. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.10.2023 во 10.48 часот било пријавено дека во Куманово бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.С.(69) и неговиот сосед С.Ѓ.(74), двајцата од Куманово. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против О.Т.(31) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 05.10.2022 во Прилеп, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот и претрес во неговиот дом, при што пронашле и одзеле марихуана, метамфетамин и дигитална вага со траги од марихуана.
На 21.10.2023 во 11.30 часот З.А.(29) од с.Долна Бањица, гостиварско, пријавил дека во Гостивар бил физички нападнат од Ф.Ј.(54) од Гостивар. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (22.10.2023) во 02.00 часот во Куманово полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Г.Ј.(60) од Куманово, поради тоа што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.10.2023 во 17.30 часот О.М.(56) од Битола пријавила дека околу 16.00 часот во Битола едно лице со употреба на сила и одзело паричник со пари и лични документи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.10.2023 во 11.00 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправна установа Затвор - Скопје било пријавено дека на 19.10.2023 околу 14.30 часот во ќелија, по претходно недоразбирање, настанала физичка пресметка помеѓу двајцата притворенци, Ш.Ф. и А.М.. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Ј. (30) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 05.04.2023 во Скопје, на улица „Воин Драшкоци" од полициски службеници при извршен преглед кај пријавениот била пронајдена и одземена марихуана.

На 21.10.2023 во 18.00 часот В.А.(67) од Прилеп пријавила дека околу 17.00 часот во Прилеп две лица со употреба на физичка сила и одзеле два паричници во кои имало пари и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.